акварели



# ИЛИЈА МИНОСКИ





# БИОГРАФИЈА

Илија Миноски е роден во Прилеп во 1936 година. Неговата љубов кон ликовната уметност датира уште од најраното детство, а талентот го наследил од својот татко, познат прилепски ликовен уметник, Кирил Миноски.
Во 1960 година матурира во Средното уметничко училиште во Скопје, а во 1978 година дипломира на Педагошката академија - ликовен смер во класата на Борко Лазески.
Работниот век го започнува во Велес како дизајнер во фабриката за порцелан, а од 1962 година работи како наставник во Прилеп во основното училиште "Климент Охридски".
Ликовното творештво на Миноски е богато, а за тоа најдобар показател се бројните изложби. Учествува на сите изложби на ДЛУП. Во Лесковац и во Ваљево излага со поголем број познати уметници, како и во Битола на годишната изложба на ДЛУБ. Во 1982 година има самостојна изложба во Ликовната галерија при Домот на културата "Марко Цепенков" во Прилеп. Во 1985 година ја добива наградата на ДЛУП за најдобро ликовно дело.
За неговите успеси како педагог не треба да се зборува. Наградите што ги добива доволно зборуваат за тоа. Награди за најдобар ликовен педагог добива четири пати во Битола, специјална награда во Битола, диплома во Нови Сад. Во Битола исто така ја добива и наградата за најуспешни ликовни колекции.
За посебно одбележување се наградите што Миноски и неговото училиште ги добиваат на меѓународен план. На меѓународната изложба за деца во Индија, Миноски и училиштето се здобија со три златни, две сребрени и една бронзена медаља, а во Јапонија со две златни, една сребрена и две бронзени медаљи.

Гордана Бабиќ Јанеска

# АКВАРЕЛИТЕ НА ИЛИЈА МИНОСКИ

За да може да бидат разбрани и доживеани во една духовна и естетска перцепција од страна на гледачот, акварелите на Миноски инсистираат на нужно, соодветно задржување на погледот и усогласување на расположението, слично како и во музиката на импресионистот Дебиси, каде што со тонски средства се оживуваат мотиви од природата и нивното специфично живеење во одредени ситуации. Вистинскиот свет кој Миноски го слика во својата творечка младост (акварел од 1 до 9) има значење само на медиум кој го подредува на својот дух опседнат од лирско поетски и драмско музички расположенија.

Драмските расположенија во некои моменти кулминираат во ефектите на трагика видени на сликите на експресионистите од германската провениенција. Додека кај овие експресионисти трагичноста во животот е изразена воглавно преку луѓето како сликарски мотиви, дотогаш Миноски тоа расположение го изразува исклучиво преку архитектонските објекти.

Цврстата архитектура како мотив во акварелите од 1 до 8 ги задржува своите контури и обликовната структура редуцирајќи ја нејзината цврстина до лепршава месост. По својата распеана лепршавост на музички контрапункт се издвојува акварелот 9. На оваа група акварели, по своите гореизнесени карактеристики, треба да се придодадат и минијатурните акварели 10, 11 и 12. Во својата генеза на акварелистичко творење му следува делото (акварели 13) настанато во 1980 година кое во своето изразување искажува повеќе респект према тектонската структура и материјалот од кој е создадена. Расположението на уметникот во кое доминира неговото лично его како да отстапува со еден дел во корист на расположението кое во себе поконкретно го носи насликаниот архитектонски објект, а кое произлегува од неговата функција во служба на оние кои го изселе и во него живеат. И овде се присатни експресионистичките акценти како одраз на сознанието за кревкоста на животот на луѓето и опстанокот на нивниот обликуван материјален свет. Пронајдените нови вредности во претходниот акварел, уметникот ги континуира и во своите два акварели (14 и 15) настанати на почетокот од 1982 година. Се истакнуваат со распеаност подвлечена со неколку живи колористични регистри. Ни овде експресионистичките расположенија не се отклонети, но затоа се значително ублажени со поголема оптимистичка ведрина.

Акварелот од 1986 година ни претставува низа објекти со фолклорна архитектура од една страна на улицата. Во овој акварел исклучително снажно ни се сугерира расположение врзано за урбаниот пејзаж во момент на смена од натмурени облаци и пороен дожд во ослободената светлост во отсјајот на измиените и освежени фасади и улици. Следниот акварел (17) од 1988 година ни укажува на враќање на расположението на уметникот кое е карактеристично за акварелите од 1 до 9. Иако не помалку снажен тој овде е поблаг и поделикатен во наметнатото ни расположение. Последните три години (1990-1992) на Миноски обележани се со интензивна уметничка продукција. Неговата неодолива желба да се изрази што поцелосно во акварелите, истакната е не само со поголем број на творби туку и со

истражување за обогатување на ликовниот израз. На ова треба да се додаде и неговата потреба за проширување на репертоарот на сижето во новите акварели. Од богатиот фонд на создадените акварели во овој период, за оваа изложба се издвоени само по седум за 1990 и 1991 и осум за 1992 година. 1990 година сеуште е во знакот на фолклорната градска архитектура на Прилеп како основен мотив во неговите творби. Во овој избор интересна е новината во акварелот 20 во кој е претставена зградата на старата железничка станица во Прилеп чиј архитектонски стил потекнува од западна Европа од преломот на XIX - XX век. Оваа складно конципирана западна архитектура обогатена со низа фасадни елементи, претставена е свежо и одмерено во акварелот со изнијансирани гами од маслинасти и виолетови бои. Акварелите од 1991 година година исто така се посветени на градската архитектура на Прилеп. Во нивниот уметнички израз впечатлива е успешно реализираната намера на едно ново изразување кое резултира од синтеза на искуство и ефекти од акварелите во првата фаза од 1976 година и оние од 1980 и подоцнежните години. По своето лирско магично значење се издвојува акварелот 31. Голема разноврсност во изборот на мотивите претставуваат творбите од 1992 година. Акварелите 32, 33 и 34 се мотиви на старата градска архитектура на Прилеп, изведени се со изразита акварелска техника полна со префинетост. Целосна новина во изборот на темата се неговите акварели со пејзажи (35, 36 и 37). Во врска со ова се поставува едно интересно прашање: зошто најчесто обработуваното сиже во делата на акварелистите низ историјата, кај Миноски останало настрана. Можеби одговорот е во тоа што Миноски чувствувал голем респект и одговорност спрема овој најпопуларен мотив на акварелистите и сакал со него да се соочи потполно спремен. Иако немал причина, земајќи ги во предвид неговите изградени можности, и порано со него да се сретне, му пристапил во оној момент кога по свое лично убедување психолошки за тоа бил спремен. Успехот е очевиден. Сите три акварели со пејсажи се полни со сочна складност, но сепак по својата внатрешна снага се издвојува акварелот 35.

За разлика од пејсажите полни со флуидна сочност, Миноски чувствувал потреба да се фати во костец и со главниот, да не кажеме симболичен мотив на прилепската природа, камените масиви на Маркови Кули. При првата мисла се наметнува спротивноста меѓу суровата тврдост на гранитниот масив и флуидно лепршавите можности на акварелот. Во материјален поглед таквата мисла има оправдување, но акварелите 38 и 39 на Миноски ја искористиле митско епската содржина на стените изразена во нивните облици и композициите на спротивтавување и динамичен стремеж. Тој психолошки дериват кој ни го наметнуваат стените на Марковите Кули ни се наметнува како издвоен феномен и во акварелите на Миноски.

Завршувајќи го овој текст посветен на делата на Миноски би сакала да искажам уште една нивна вредност, а тоа е нивната документарно историска културна вредност, со оглед на тоа што гротo акварели на Миноски се посветени токму на споменичниот фонд на старата градска архитектура на Прилеп.

Гордана Бабиќ Јанеска

КАТАЛОГ

| број на акварели | димензии во см | | |
|---|---|---|---|
| 1. | 20,0 x 13,7 | 20. | 61,7 x 44,0 |
| 2. | 29,0 x 19,7 | 21. | 62,1 x 44,2 |
| 3. | 27,7 x 19,5 | 22. | 50,6 x 39,1 |
| 4. | 25,0 x 17,5 | 23. | 62,0 x 44,3 |
| 5. | 25,0 x 17,5 | 24. | 59,4 x 44,3 |
| 6. | 25,0 x 17,5 | 25. | 55,8 x 39,8 |
| 7. | 27,4 x 19,3 | 26. | 55,8 x 39,8 |
| 8. | 27,6 x 19,4 | 27. | 51,3 x 40,0 |
| 9. | 34,8 x 24,6 | 28. | 56,0 x 40,3 |
| 10. | 18,3 x 10,2 | 29. | 55,8 x 40,0 |
| 11. | 11,6 x 10,9 | 30. | 55,8 x 40,0 |
| 12. | 11,5 x 8,5 | 31. | 38,0 x 31,1 |
| 13. | 48,3 x 31,3 | 32. | 41,4 x 28,9 |
| 14. | 37,7 x 31,2 | 33. | 41,7 x 31,8 |
| 15. | 37,8 x 31,5 | 34. | 45,1 x 26,7 |
| 16. | 59,5 x 42,0 | 35. | 39,0 x 28,2 |
| 17. | 59,5 x 42,0 | 36. | 24,5 x 17,3 |
| 18. | 43,4 x 39,0 | 37. | 30,0 x 21,1 |
| 19. | 62,0 x 44,2 | 38. | 59,6 x 41,9 |
| | | 39. | 59,6 x 41,9 |







Издавач: Центар за култура "Марко Цепенков" - Прилеп
Биографија: Гордана Бабиќ Јанеска
Комесар на изложбата: Диме Јанески
Каталошки податоци: Диме Јанески
Уводен текст: Гордана Бабиќ Јанеска
Проект на каталогот: Гордана Бабиќ Јанеска
Фотографија: Роберт Јанкулоски
Плакат: Богдан Грабулоски
Изложува: Уметничка галерија
Центар за култура "Марко Цепенков" - Прилеп
Печати: МП "Растер" - Прилеп
Тираж: 300